Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 12.09.2023

На 11.09.2023 во 15.50 часот во с.Копаница, општина Сарај, полициски службеници од Оперативен тим потпари при СВР Скопје и од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ш.С.(27) од с.Копаница. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

Денеска (12.09.2023) околу 03.20 часот на улица „Борче Јовановски" во Гостивар, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, го привеле 35-годишниот Г.М. од гостиварско Заџиќе. За него била издадена судска наредба, со која се барал како осудено лице на затворска казна од една година и шест месеци. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" за издржување на казната.

На 11.09.2023 околу 21.00 часот во Маврови Анови, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Д.С.(52) и С.М. (55), двајцата од Куманово. Тие биле затекнати како од две возила оставени на паркинг, сопственост на јавно претпријатие во кое работеле, со цевка одземале гориво од резервоарите. Кај нив биле пронајдени и одземени седум пластични канти со гориво и две цревa. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат поднесени соодветни пријави.

На 12.09.2023 околу 03.20 часот на улица „Борче Јовановски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 38-годишниот А.Б. од гостиварска Симница. За него била распишана потерница за донаждржување на затворска казна од 1 година и 8 месеци. Притоа, кај него бил пронајден и одземен кокаин. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" за донаждржување на казната.

На 10.09.2023 во 22.00 часот, полициски службеници од ОВР Неготино ја лишиле од слобода У.С.(35) од Винница. Таа се сомнича дека околу 19.30 часот влегла во куќа во село Тимјаник, неготинско и се обидела да изврши кражба. Таа била приведена во ОВР Неготино и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.09.2023 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода И.Д.(44) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било приведено во полициска станица, известен бил јавен обвинител, а по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.09.2023 во 09.40 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле Б.Ф.(29) од Република Албанија, затоа што при извршена гранична проверка било утврдено дека на увид дал албанска патна исправа на друго име, односно дека се послужил со туѓа патна исправа. При преглед во неговиот багаж биле пронајдени и албанска возачка дозвола и дозвола за престој издадена во Шпанија на друго име. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка и врз основа на присуда од Основен кривичен суд Скопје, од Одделението за прекуграничен криминал и миграција му била изречена казна протерување странец од Република Северна Македонија.

Во текот на вчерашниот ден (11.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираме се 271 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело дури со 70 километри на час над дозволеното. Притоа, 150 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 121 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (11.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 121 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 18 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло, шест мерки за користење мобилен телефон при управување...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (11.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 117 возачи, меѓу кои 71 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 6 возачи за управување под дејство на алкохол, 14 санкции за непропишно паркирање, 6 санкции за престигнување. Изречени се две санкции за користење на мобилен телефон при возење...

На 11.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 32 прекршоци, од кои 22 надвор од населено место и 10 во населено место. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои, 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 1 за регистрирано возило, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 3 за некористење на заштитна капа и 3 за непропишно паркирање.

На 11.09.2023 во периодот од 06.00 до 11.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, најмногу автобуси и такси комбиња, во која биле откриени и санкционирано 1 возило (ПВ) со неизвршен технички преглед и 2 возила (ТЕ) кои вршеле превоз без потребните документи. На возачите прекршителите изготвени им се соодветни поднесоци по Законот за возила и Кривичниот законик, зависно од видот и карактерот на констатираниот прекршок.

На 11.09.2023 во 20.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Желино-Групчин, патничко моторно возило „БМ" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 23-годишниот А.Т. од тетовски Колачин дол, излетало од коловозот. Во несреќата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот во возилото С.С. (22) од истото село со телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово.

На 11.09.2023 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на обиколницата на град Скопје, на автопатот Скопје – Тетово, после клучка Волково, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ѓ.(35) од с.Копаница, скопско, патничко возило „рено клио" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ќ.З.(64) од Тетово и товарно возило „мерцедес" со полуприколка со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Ф.(50) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле М.Ѓ. и сопатничка од возилото „рено клио", С.З.(61) од Тетово, а со телесни повреди се здобил Ќ.З., констатирани во Градската општа болница „8 Септември" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.09.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот „Пријателство", во правец од Радишани кон с.Арачиново, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од С.М.(64) од с.Бељаровци, скопско и патничко возило „мерцедес", управувано од Е.А.(24) од с.Арачиново, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.М., а со телесни повреди се здобил Е.А., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.09.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Бит Пазар, Н.Д.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Митевски" бил каснат од куче скитник.

На 11.09.2023 во 20.15 часот во СВР Тетово, 51 - годишниот И.А. од гостиварско Форино пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 11.09.2023 во СВР Битола, В.Р.(74) од Битола пријавил дека на ул.„Круме Кепески" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 11.09.2023 во 16.30 часот кај месноста „Грашница" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Ш.Ф.(35) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до Специјализираното Одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција достави кривична пријава против Г.Ф., И. Х. и Б.Н., полициски службеници во СВР Штип, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „малтретирање во вршење на службата" по член 143 ст.1 од Кривичниот законик. Имено, пријавените во својство на полициски службеници, пречекорувајќи ги границите на своите службени овластувања на 01.09.2023 во 21 часот над оштетеност Б.Н., кој бил лишен од слобода и задржан во просторите на СВР Штип, несоразмерно и непрекумерно употребиле физичка сила. Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе бидат преземени мерки согласно одредбите од Колективниот договор на МВР.

СВР Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Г.Д.(23) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" казнливо по член 251 од Кривичниот законик. Пријавениот обезбедил податоци од платежни картички на две лица и во периодот од 31.05.2022 до 17.06.2022 ги употребил за плаќање на повеќе интернет продажни места. Притоа, едното лице го оштетил за сума од 120.310 денари, а другото лице го оштетил за сума од 14.901 денари, со што за себе остварил противправна имотна корист во вкупен износ од 135.211. денари.

На 11.09.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на Охрид биле спроведени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале осум возачи на моторни возила кои на непрегледни и на места каде тоа е забрането, извршиле престигнување на други моторни возила.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.С.(43) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". Тој, на катастарска парцела во Охрид, без да поседува соодветна документација за градба издадена од надлежен државен орган, извршил доградба на деловен простор со имотен лист во државна сопственост. Вонреден инспекциски надзор извршил овластен градежен инспектор при општина Охрид, кој констатирал дека пријавениот доградил и узурпирал државно земјиште без да поседува одобрение за градба.

На 11.09.2023 во 14.40 часот во СВР Куманово било пријавено дека во атар на с.Бељаковце, кумановско, настанал пожар при што горела сува трева, а била зафатена и една куќа. Повредени лица нема и се преземат мерки за гаснење на пожарот.

На 11.09.2023 во СВР Битола, Е.Ш.(54) од с.Горно Оризари, битолско, пријавила дека кај место викано „Сточен пазар" во Битола била касната од куче скитник.

На 11.09.2023 во ОВР Прилеп, Б.Т.(42) од Прилеп пријавил дека во Прилеп, неговото малолетно дете било каснато од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Љ.А.(35) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство" во бид и против Н.М.(36) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неукажување помош". На 29.07.2023 во Куманово, по претходна расправија, Љ.А. со нож го повредил Н.С., по што заминал, додека Н.М., кој цело време бил таму, го оставил на улица и не му укажал помош на Н.С., кој се наоѓал во животна опасност.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.М.(18) и А.Ш.(27), двајцата од с.Добри дол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба" и „соучесништво". На 29/30.08.2023, Ј.М. со употреба на сила влегол во продавен објект во с.Дебреше, гостиварско, и одзел пари, а А.Ш. учествувал во извршување на делото.

На 11.09.2023 во 19.20 часот, И.М.(61) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, М.К.(60) од Кичево пријавила дека на улицата „Питу Гули" во Кичево била касната од куче скитник.

На 11.09.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, малолетник бил физички нападнат од друг малолетник. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против В.А.(24) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" во врска со кривично дело „предизвикување општа опасност". На 08.11.2022 во нас.Влае во Скопје, две кучиња од расата пит бул, сопственост на пријавениот, кои шетале без надзор, го нападнале Б.С.(79) од Скопје и му нанеле тешки телесни повреди.

На 11.09.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, Б.С.(39) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба, С.М. и уште две лица му упатиле закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.И.(20) и Е.Н.(25), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 08.10.2022, пријавените пукале кон товарното возило „фолксваген", кое го управувал Б.З. од с.Арачиново.

На 11.09.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево од заталкано зрно било оштетено ветробранско стакло од патничко возило „фолксвагген" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против О.Ј.(27) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Пријавениот, со пиштол „Smith & Wesson" калибар 9 мм, од подрачјето на општина Бутел испукал куршум, а проектил завршил во двор преку влезната врата од куќа на ул.„Хо Ши Мин".

На 11.09.2023 во 13.50 часот, полициски службеници од Полициското одделение Мирковци го лишиле од слобода М.П.(35) од с.Мојанци, скопско, затоа што се однесувал агресивно и се заканувал на полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.Р.(39) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во период од мај до јуни 2023 година, во домот на 56-годишниот од Струга, дошла пријавената, лажно се претставила и ветила дека со одредени обреди може да помогне за надминување на здравствени проблеми. Во неколку наврати оштетеното на А.Р. и дал пари и златни предмети во вредност од 80.000 денари, кои по извршените обреди требало да му ги врати, но не му ги вратила.

Сектор уред и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет